# ВЕСТ Живот

## Ламбе и Џокси ја препеаја "НА ВЕЛИГДЕН"

Антологиската песна "На Велигден", која Џина Папас Џокси ја испеа пред речиси дваесет години, ја преработи Ламбе Алабаковски. Младиот поп - пејач, во студиото на Дарко Димитров, во нов аранжман ја испеа во дует со Џокси. Идејата за препевот е на Џокси и на Ранко Петровиќ, првиот човек на радио "Бубамара".

Ранко и Џокси се договориле за новата верзија на една случајна средба, а Ламбе со задоволство прифатил да биде дел од тимот. "Кога пред 20 години ја пеев песната, никогаш не помислив дека ќе дојде време некој да ми ја негира државата и црквата", вели Џокси.

"Затоа седнавме на кафе Огнен Неделковски, Џокси и јас и за десет минути додадовме уште една строфа", додава Ранко. "Еј ти народе македонски, сегде каде што си населен, љубов Божја сé ќе победи, сета надеж повторно ќе воскресне. Тука најсилно со векови, во нас црквите македонски", е дел од новата строфа.

Песната веќе се врти на радио "Бубамара", а официјалната промоција е денеска, точно напладне на 105,2 фм, со Ламбе и Џокси како гости во студиото. "На Велигден" ќе биде дел од цедето "Песни од татковината" кое "Бубамара" го подготвува со неколку наши познати пејачи.

***(М.Џ.)***

